**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКО**
**РАЗУЗНАВАЊЕ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА РАБОТАТА НА УПРАВАТА ЗА ФИНАНСИСКО РАЗУЗНАВАЊЕ ЗА 2022 ГОДИНА

**април, 2023 година**

## Содржина

**Кратенки** ..................................................................................................... **4**

**Вовед** ............................................................................................................. **5**

**I. Унапредување на правната рамка за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во Република Северна Македонија** ............................ **6**

I.1. Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам .................... 6

**II.Спречување перење пари и финансирање на тероризам – мерки, активности и резултати** ........................................................................................................ **6**

А. Субјекти на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам ........................................................................................................ 6

II.1 Вид и број на субјекти ..................................................................................... 7

II.2 Преглед на доставени податоци до Управата .................................................... 9

II.2.1 Примени извештаи за сомнителни трансакции (STR) .................................. 10

II.2.2. Анализи на доставените податоци за спречување на перење пари и финансирање на тероризам од страна на Управата и преглед на доставени извештаи за сомневање за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и известувања за сомневање за сторени други кривични дела до надлежните органи ........................................................................................ 15

II.2.3. Стратешки анализи..........................................................................................18

**III.Надзор над спроведувањето на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам** .................................. **Error! Bookmark not defined.**9

III.1 Спроведен надзор над субјектите ...................... **Error! Bookmark not defined.**9

III.2. Резултати од надзорот – најчести идентификувани прекршоци ……………....19

III.3 Преглед на спроведени постапки за порамнување и поднесени барања за поведување на прекршочна постапка ..................... **Error! Bookmark not defined.**20

III.3.1 Спроведени постапки за порамнување……….............………………….……..20

III.3.2 Поднесени барања за поведување на прекршочна постапка………………….20

III. 3.3 Статус на прекршочни постапки кои се водат пред надлежни судови врз основа на поднесено барање за поведување на прекршочна постапка од страна на Управата…………………………………………………………………………………….20

**IV. Меѓународна соработка** ................................................................................ **192**

IV.1 Размена на податоци со овластени тела на други држави ............................ 21

IV.1.1 Примени барања за размена на податоци и информации од ФИУ на други држави .......................................................................................................... 221

IV.1.2 Доставени барања за размена на податоци и информации од Управата .... 24

IV.2. Учество во работата на меѓународни тела и организации ........................... 266

IV.2.1 Учество во работата на Moneyval Комитетот, Совет на Европа ................. 266

IV.2.2 Учество на Пленарниот состанок на ЕГМОНТ Групата ............................. 277
**V. Соработка со субјектите, органите за надзор, други државни органи и тела . 277**
V.1 Соработка со субјектите ........................................................................ 277
V.2 Соработка со органите за надзор .................................................................. 277
V.3 Соработка со други државни органи и тела ................................................... 288
V.4 Активности на Советот за борба против перење пари и финансирање на тероризам ........................................................................................ 289
V.5 Проценка на ризик од перење пари и финансирање на тероризам поврзан со правни лица коишто се основаат во РСМ и нерезидентни правни лица поврзани со државата.................................................................. **Error! Bookmark not defined.**9
V.6 Регионална Проценка на ризик од перење пари и финансирање на тероризам поврзан со правни лица и правни аранжмани ..................................................... 30
**VI. Зајакнување на капацитетите на управата за финансиско разузнавање ......... 30**
VI.1 Кадровски капацитети.......................................................................... 30
VI.2 Проект за борба против економски криминал и други проекти ....................... 31
VI.3 Технички капацитети........................................................................... 31

**КРАТЕНКИ**

НРА - Национална проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам
ФАТФ- Оперативната Група за определување на дејствија за спречување перење пари и финансирање на тероризам
ЕУ- Европска Унија
ООН- Организација на Обединети Нации
РСМ- Република Северна Македонија
КЗ- Кривичен Закон
ЗСППФТ- Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам
Moneyval Комитет- Комитет на експерти за евалуација на системите за спречување наперење пари и финансирање на тероризам при Советот на Европа
УФР- Управа за финансиско разузнавање
НБРСМ- Народна банка на Република Северна Македонија
КХВ- Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија
ЦДХВ- Централен депозитар за хартии од вредност
Берза- Македонска берза
УЈП- Управа за јавни приходи
АСО- Агенција за супервизија на осигурување
МАПАС- Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување
МФ- Министерство за финансии
МВР- Министерство за внатрешни работи
ФИУ- Единица за финансиско разузнавање
ДНФБП- Нефинансиски дејности и професии
СТР- Извештај за сомнителна трансакција
ОЈОГОКК - Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција
МВР - Министерство за внатрешни работи
ЦУ - Царинска управа
УФП - Управа за финансиска полиција
ЦР - Централен регистар
ФИУ- Финансиско разузнавачка единица
STR - Suspicious Transaction Reporting (STR)

## ВОВЕД

Управата за финансиско разузнавање е орган во состав на Министерството за финансии задолжен за борба против перење пари и финансирање на тероризам во Република Северна Македонија. Управата е формирана во согласност со меѓународните стандарди кои наметнуваат обврска за секоја држава да воспостави Единица за финансиско разузнавање како специјализирана институција која ќе се бори против перењето пари и финансирање на тероризмот.

Управата за финансиско разузнавање (во понатамошниот текст: Управата) е формирана во септември 2001 година (Службен весник на РМ бр.70/01), започнува со работа на 01.03.2002 година, како Дирекција за спречување на перење пари, а во јануари 2008 година со стапување во сила на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам („Службен весник на РМ" бр.04/08), го трансформира својот статус и назив во Управа за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, како орган во состав на Министерството за финансии, со својство на правно лице. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам („Службен весник на РМ" бр.44/12), повторно го менува називот во Управа за финансиско разузнавање.

Како административен орган на финансиско разузнавачка единица, Управата дејствува како посредник помеѓу приватниот сектор (субјектите), од една страна и истражните органи, од друга страна. Управата работите од својата надлежност ги врши согласно со закон, ратификуваните меѓународни договори со кои се уредува спречувањето перење пари и финансирање на тероризам. Управата своите надлежности ги спроведува на целата територија на државата, а нејзиното седиште е во Скопје. Основни надлежности на Управата се: прибирање, обработување, анализа, чување и доставување на податоци добиени од субјектите, а кои се однесуваат на сомнение за перење пари или финансирање на тероризам. Покрај овие основни надлежности, Управата ги извршува и следните надлежности: издава писмен налог на субјектот со кој привремено ја задржува трансакцијата, поднесува барање за поднесување на предлог за определување на привремени мерки до надлежниот јавен обвинител, поднесува барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд, соработува со субјектите, со надзорните органи и со други државни органи и институции, како и со други организации, институции и меѓународни тела за борба против перењето пари и против финансирањето на тероризмот, склучува договори за соработка и разменува податоци и информации со овластени тела на други држави и меѓународни организации, врши надзор над субјектите, поведува иницијативи или дава мислења на закони и подзаконски акти што се однесуваат на спречување и откривање на перење пари и финансирање на тероризам, помага во професионалното усовршување на овластените лица и вработените кај субјектите, утврдува листи на индикатори за анализа на ризик и за препознавање на сомнителни трансакции во соработка со субјектите и органите кои вршат надзор врз нивното работење, планира и спроведува обуки за усовршување и оспособување на вработените во Управата и дава појаснување во примената на прописите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

Со Управата раководи директор кој го именува и разрешува Владата на предлог на министерот за финансии.

## I. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВНАТА РАМКА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### I.1. Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам

Превенцијата од перење пари и финансирање на тероризам во Република Северна Македонија е регулирана со Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (Службен весник на РСМ бр. 151/2022 од 4.7.2022 година). Овој закон ги утврдува мерките и дејствијата за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам кои ги преземаат задолжените субјекти, како и работењето и надлежностите на Управата за финансиско разузнавање. Овој закон е усогласен со ЕУ Директивата за спречување на употребата на финансискиот систем за целите на перење пари и финансирање на тероризам од 2015 година (2015/849 ЕЦ), како и со ЕУ Директивата 2018/843 и со ревидирание стандарди односно препораки на ФАТФ. Новиот Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам беше усвоен во јуни 2022 година, а стапи на сила на 12 јули 2022 година.

## II.СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ – МЕРКИ, АКТИВНОСТИ И РЕЗУЛТАТИ

### А. Субјекти на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам

Секоја држава треба да презема мерки за спречување на перење пари и на финансирање на тероризмот. Тие мерки имаат за цел зголемување на свеста на институциите и на приватниот сектор за борбата против перењето пари и финансирањето на тероризмот и креирање соодветни инструменти за борба против овој вид на криминал.

Стандардите и мерките кои ги поставуваат меѓународните тела кои се занимаваат со проблематиката на борба против перење пари и финансирање на тероризам постојано се развиваат и дополнуваат во согласност со откриените случаи на перење на пари и финансирање на тероризам. Услугите кои одредени правни и физички лица ги нудат, а кои често се злоупотребувани од страна на криминалците, доведе до поставување на стандарди во однос на примена на одредени мерки и дејствија од страна на тие лица, со цел да се спречат, колку што е можно повеќе, нелегалните активности на перење пари и финансирање на тероризам. Од оваа причина, сите правни и физички лица кои треба да применуваат вакви мерки, се вбројуваат во категоријата на обврзани субјекти. Управата редовно ги следи стандардите во однос на определувањето на категоријата на субјекти, како и нивните обврски и истите ги имплементира при подготовката на законските и подзаконските прописи. Оттука, обемот на субјекти опфатени со Законот е во согласност со меѓународните стандарди и прописи.

### II.1 Вид и број на субјекти

Во текот на 2022 година, Управата идентификуваше вкупен број од 5.223 субјекти задолжени да преземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Во следната табела даден е приказ на субјектите

задолжени да преземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, по вид и број споредбено во 2021 и 2022 година.

Табела бр.1

| Субјекти задолжени да преземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Вид на субјект** | **Број на субјекти во 2021 година** | **Број на субјекти во 2022 година** |
| 1 | Банки | 13 | 13 |
| 2 | Штедилници | 2 | 2 |
| 3 | Менувачници | 243 | 248 |
| 4 | Даватели на услуги брз трансфер на пари | 8 | 8 |
| 5 | Субагенти за брз трансфер на пари | 242 | 267 |
| 6 | Друштва за осигурување (при склучување на договори за осигурување на живот) | 5 | 5 |
| 7 | Брокерски куќи | 5 | 5 |
| 8 | Друштва за управување со отворени и затворени инвестициски фондови | 5 | 5 |
| 9 | Друштва за управување со приватни инвестициски фондови и приватни фондови | 30 | 13 |
| 10 | Друштва за инвестиционо советување | 1 | 1 |
| 11 | Друштва за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови | 3 | 4 |
| 12 | АД Пошта на Северна Македонија | 1 | 1 |
| 13 | Други правни или физички лица кои согласно закон извршуваат една или повеќе активности во врска со одобрување кредити, издавање на електронски пари, издавање и администрирање на кредитни картички и други финансиски активности (Финансиски друштва) | 32 | 34 |
| 14 | Даватели на финансиски лизинг | 7 | 8 |
| 15 | Агенции за посредување во промет со недвижности | 133 | 139 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 16 | Друштва за ревизија | 39 | 45 |
| 17 | Друштва за сметководство | 1.983 | 1.898 |
| 18 | Адвокати и адвокатски друштва | 2.101 | 1.894 |
| 19 | Нотари | 216 | 206 |
| 20 | Приредувачи на игри на среќа во казино | 6 | 6 |
| 21 | Приредувачи на игри на среќа во обложувалница | 9 | 8 |
| 22 | Приредувачи на игри на среќа во автомат клуб | 27 | 28 |
| 23 | Приредувачи на електронски игри на среќа | 1 | 1 |
| 24 | Приредувачи на интернет игри на среќа | 1 | 1 |
| 25 | Приредувачи на игри на среќа – лотариски игри на среќа | 1 | 1 |
| 26 | Приредувачи на игри на среќа – томбола од затворен тип | 0 | 0 |
| 27 | Правни лица кои примаат во залог подвижни предмети и недвижности (заложувалници) | 13 | 12 |
| 28 | Правни лица кои посредуваат при микроплаќања | 2 | 1 |
| 29 | Централен депозитар за хартии од вредност | 1 | 1 |
| 30 | Даватели на услуги на трустови или правни лица | 0 | 0 |
| 31 | Правни и физички лица кои даваат услуги за организирање и спроведување на аукции | 0 | 0 |
| 32 | Лица кои тргуваат или дејствуваат како посредници во трговија со уметнички дела | / | 0 |
| 33 | Лица кои складираат, тргуваат или кои дејствуваат како посредници во трговија со уметнички дела, кога активноста се врши во слободни зони | / | 0 |
| 34 | Правни лица чија дејност е купопродажба на нови возила[1] | / | 244 |

[1] Спроведување на обврската од член 64 став (6) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (Сл. весник на Р. Северна Македонија бр. 151/22), односно доставување на податоци во вид на извештај во електронска форма до Управата за

| | | | |
|---|---|---|---|
| 35 | Извршители[2] | / | 98 |
| 36 | Даватели на услуги поврзани со виртуелни средства | / | 26 |
| **ВКУПНО:** | | **5.130** | **5.223** |

## II.2 Преглед на доставени податоци до Управата

Една од основните мерки која субјектите треба во одреден временски рок да доставуваат податоци, информации и документи до Управата за реализирани трансакции дефинирани во член 63 и 64 од Законот, како и за сомневања поврзани со перење пари или финансирање на тероризам дефинирани во член 65 од Законот. Улогата на субјектите е клучна во борбата против овие појави, бидејќи од нивната успешност да ги детектираат сомнителните активности, зависи и успешноста на институциите во системот, навремено да ги откријат, докажат и потврдат истите.

Доставувањето на извештај за сомнителна трансакција (во понатамошниот текст: STR) е почетната точка од која започнува процесот на утврдување на постоење сомневање за перење пари или финансирање на тероризам. Ова е една од клучните обврски на субјектите - резултат на сите други обврски кои ги применуваат (идентификација, следење на деловните активности, чување на податоци и сл.). Сомневањето, субјектите го утврдуваат врз основа на непосредни сознанија, листите на индикатори, меѓународните листи на терористи и терористички организации, типологии и трендови на перење пари или финансирање на тероризам утврдени од Управата, проценетиот ризик од перење пари и финансирање на тероризам и од утврдениот профил на ризик на клиентот и други релевантни информации.

### II.2.1 Примени извештаи за сомнителни трансакции (STR)

Задолжените субјекти согласно член 65 од Законот, имаат обврска да доставуваат STR до Управата кога се сомневаат или имаат основи за сомневање дека било или е извршено перење пари и/или финансирање на тероризам или е направен обид или се прави обид за перење пари и/или за финансирање на тероризам без оглед на износот на трансакцијата, кога имотот е принос од казниво дело или кога имотот е поврзан со финансирање на терористички акт, терористичка организација или терорист

---

склучени договори за купопродажба на нови возила во вредност од 15.000 евра или повеќе во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија, најдоцна во рок од три работни дена од денот на склучувањето на договорот.

[2] Спроведување на обврската од член 64 став (10) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (Сл. весник на Р. Северна Македонија бр. 151/22), односно доставување на податоци во вид на извештај во електронска форма до Управата за извршени продажби со усно јавно наддавање и договори за продажба со непосредна спогодба со кои се стекнува право на сопственост на имот во вредност од 15.000 евра или повеќе во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија, најдоцна во рок од три работни дена од денот на извршената продажба односно денот на составување на договорот за продажба со непосредна спогодба.

или лице кое финансира тероризам или финансирање на оружје за масовно уништување.

Субјектите, во текот на 2022 година доставиле вкупно **258 STR** и 62 дополнувања на STR до Управата, од кои **253 STR** се доставени со сомнение за перење пари и **5 STR** со сомнение за финансирање на тероризам.

Во следната табела прикажан е бројот на доставени STR по субјекти во 2022 година.

**Табела бр.2**

| СУБЈЕКТИ | Број на доставени STR во 2022 година |
|---|---|
| Банки | 135 |
| Нотари | 91 |
| Даватели на услуги брз трансфер на пари и субагенти | 21 |
| Адвокати | 1 |
| Друштва за осигурување | 9 |
| Финансиски друштва | 1 |
| **ВКУПНО** | **258** |

Во следната табела прикажана е активноста на субјектите во однос на доставувањето на STR, односно прикажани се примените STR по видови на субјекти во текот на 2022 година.

**Табела бр.3**

| Ред.бр. | Вид на субјект | Бр. на доставени STR |
|---|---|---|
| 1 | Банки | 135 |
| 2 | Штедилници | / |
| 3 | Менувачници | / |
| 4 | Даватели на услуги брз трансфер на пари и субагенти | 21 |
| 5 | Друштва за осигурување (при склучување на договори за осигурување на живот) | 9 |
| 6 | Брокерски куќи | / |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Друштва за управување со отворени и затворени инвестициски фондови | / |
| 8 | Друштва за управување со приватни инвестициски фондови и приватни фондови | / |
| 9 | Друштва за инвестиционо советување | / |
| 10 | Друштва за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови | / |
| 11 | АД пошта на Северна Македонија | / |
| 12 | Даватели на финансиски лизинг | / |
| 13 | Агенции за посредување во промет со недвижности | / |
| 14 | Друштва за ревизија | / |
| 15 | Друштва за сметководство | / |
| 16 | Адвокати и адвокатски друштва | 1 |
| 17 | Нотари | 91 |
| 18 | Приредувачи на игри на среќа во казино | / |
| 19 | Приредувачи на игри на среќа во обложувалница | / |
| 20 | Приредувачи на игри на среќа во автомат клуб | / |
| 21 | Приредувачи на електронски игри на среќа | / |
| 22 | Приредувачи на интернет игри на среќа | / |
| 23 | Приредувачи на игри на среќа – лотариски игри на среќа | / |
| 24 | Приредувачи на игри на среќа – томбола од затворен тип | / |

| | | |
|---|---|---|
| 25 | Правни лица чија дејност е купопродажба на возила | / |
| 26 | Други правни или физички лица кои согласно закон извршуваат една или повеќе активности во врска со одобрување кредити, издавање на електронски пари, издавање и администрирање на кредитни картички и други финансиски активности (финансиски друштва) | 1 |
| 27 | Правни лица кои примаат во залог подвижни предмети и недвижности (заложувалници) | / |
| 28 | Правни лица кои посредуваат при микроплаќање | / |
| 29 | Централен депозитар за хартии од вредност | / |
| 30 | Даватели на услуги на трустови или правни лица | / |
| 31 | Правни и физички лица кои даваат услуги за организирање и спроведување на аукции | / |



**График број 1 - Шематски приказ на примените STR по група на субјекти во текот на 2022 година**




**График број 2- Шематски приказ на примените STR по група на субјекти во текот на 2022 година**

Покрај STR, согласно Законот, субјектите до Управата доставуваат и податоци и документи на редовна основа. Така субјектите се должни сите извештаи за готовински трансакции во износ од 15.000 ЕУР или повеќе во денарска противвредност, како и за неколку поврзани готовински трансакции во износ од 15.000 ЕУР или повеќе во денарска противвредност да ги достават до Управата најдоцна во рок од три работни дена од извршената трансакција. Во текот на 2022 година од страна на банките се доставени вкупно **57.512 извештаи за готовински трансакции и 59.159 извештаи за поврзани готовински трансакции во износ од 15.000 евра во денарска противвредност или повеќе**.

Освен готовински и поврзани готовински трансакции од страна на банките по редовна основа се доставуваат и трансакции за исплатени кредити во износ над 15.000 ЕУР во денарска противвредност како и податоците за реализирани трансакции кај кои како основ се јавува позајмица помеѓу клиентите во вредност од 5.000 евра или повеќе. Во текот на 2022 година до Управата се доставени вкупно **32.960 извштаи за исплатени кредити** во износ над 15.000 ЕУР како и **62.897 извештаи за трансакции по основ позајмица** над 5.000 евра.

Нотарите собраните податоци за составени нотарски акти, потврдени приватни исправи и заверени потписи на договори со кои се стекнува имот во вредност од 15.000 ЕУР или повеќе, во денарска противвредност ги доставуваат до Управата во електронска форма во рок од три работни дена од денот на составувањето односно заверувањето. Во текот на 2022 година до Управата по тој основ се доставени вкупно **26.547 извештаи од страна на нотарите**.

Осигурителните друштва кои вршат осигурување на живот собраните податоци за склучени полиси за осигурување живот со вредност на осигурување во износ од 15.000 ЕУР или повеќе, во денарска противвредност, ги доставуваат до Управата во електронска форма во рок од три работни дена од денот на склучувањето на полисата. Во текот на 2022 година до Управата се доставени вкупно **312 извештаи за склучени полиси за осигурување живот** над предвидената граница.

Правните лица чија дејност е купопродажба на возила собраните податоци за склучени договори за купопродажба на нови возила во вредност од 15.000 ЕУР или повеќе, во денарска противвредност, ги доставуваат до Управата во електронска форма во рок од три работни дена од денот на склучувањето на договорот. Во текот на 2022 година по тој основ до Управата се доставени вкупно **4.463 извештаи за купопродажба на нови возила**.

Давателите на услуги на парични дознаки (брз трансфер на пари) податоците за трансакции во износ од 1.000 евра или повеќе на денот на извршување на трансакцијата, ги доставуваат до Управата во електронска форма во рок од три работни дена од денот на извршувањето на трансакциите . Во текот на 2022 година по тој основ доставени се вкупно **91.163 извештаи** од давателите на услуги на парични дознаки.

Субјектите кои имаат дозвола за менувачко работење, податоците за трансакции во износ од 15.000 евра или повеќе на денот на извршување на трансакцијата, ги доставуваат до Управата во електронска форма во рок од три работни дена од денот на извршената трансакција . Во текот на 2022 година по тој основ доставени се вкупно **275 извештаи** од страна на менувачниците.

Приредувачите на игри на среќа во играчница (казино), како и другите приредувачи на игри на среќа, освен казина, до Управата доставуваат податоци за купување или исплаќање на чипови или кредити во износ од 1.000 евра во денарска противвредност или повеќе, односно податоци за исплата на добивка, уплата на влог или и во двата случаи кога трансакцијата е во вредност од 1.000 евра во денарска противвредност или повеќе. Во текот на 2022 година доставени се вкупно **108.531 извештаи од казината** и **46.717 извештаи од другите приредувачи на игри на среќа**. Наведените податоци се доставуваат по електронски пат, преку веб порталот на Управата и истите автоматски се импортираат во базата на Управата. Овие податоци се користат при анализата на случаите кои ги води Управата.
На шематскиот приказ е прикажан вкупниот број на извештаи кои во текот на 2022 година по редовна основа се доставени од страна на субјектите до Управата.




График број 3 - Шематски приказ на редовни трансакции во 2022 година

### II.2.2. Анализи на доставените податоци за спречување на перење пари и финансирање на тероризам од страна на Управата и преглед на доставени извештаи за сомневање за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и известувања за сомневање за сторени други кривични дела до надлежните органи

Предметите по кои постапувала Управата се иницирани од страна на субјектите, т.е. се иницирани по примен извештај за сомнителна трансакција (STR), како и по доставените иницијативи од други надлежни органи во Р. Северна Македонија или спонтани информации/барања од надлежни тела на други држави. Врз основа на член 128 од Законот, Управата прибира дополнителни податоци и документација од државните органи, субјектите или други правни или физички лица, а по потреба и од овластени тела на други држави, при што се вршат проверки во базата на Управата како и во базите на податоци до кои Управата има електронски пристап. Од добиените податоци и информации се врши финансиска анализа и обработка.

Аналитичкиот дел од работењето на Управата, се заснова врз изготвување на финансиско - разузнавачка анализа, согласно интерната процедура за работа на предмети. По изработката на финансиско - разузнавачка анализа доколку се утврдат сомненија се изготвува финален извештај со сомнение дека е сторено кривично дело перење пари или финансирање на тероризам, односно известување дека е сторено друго кривично дело.

Доколку од анализата е утврдено сомневање дека е сторено кривично дело перење пари или финансирање на тероризам, согласно член 131 став 1 од Законот, Управата доставува Извештај за сомнителни активности до надлежните истражни органи кои одлучуваат за понатамошни дејствија.

За предметите за кои од анализата се утврдени сомневања за сторено друго кривично дело освен перење пари или финансирање на тероризам, согласно член 131 став 4, известување се доставува до надлежен државен орган, и согласно член 142 од Законот, до Единиците за финансиско разузнавање на други држави.

**Управата во текот на 2022 година до надлежните институции има доставено вкупно 44 извештаи и 14 дополнувања на веќе доставени извештаи, од кои 41 извештаи со сомнение за перење пари и 3 извештаи со сомнение за финансирање на тероризам, 159 известувања со сомневања за сторено друго кривично дело и 12 дополнувања за веќе доставени известувања, додека 19 предмети се ставени во мирување (ад/акта) откако по извршените проверки не се утврдени сомневања за сторено кривично дело.**

Во табелата бр. 4 е прикажан бројот на доставени извештаи за сомнителни активности за перење пари или финансирање на тероризам, односно доставени известувања за сторено друго кривично дело од страна на Управата до надлежните органи, како и доставени спонтани информации до Единиците за финансиско разузнавање на друга држава.

**Табела бр. 4**

| Органи до кои се доставени извештаи/известувања | Доставени извештаи за перење пари или финансирање на тероризам | Доставени известувања за други кривични дела |
|---|---|---|
| МВР | 20 | 48 |
| УФП | 1 | 22 |
| ОЈО | 21 | 15 |
| УЈП | / | 46 |
| АНБ | 1 | 8 |
| ЦУ | 1 | 3 |
| ДКСК | / | 1 |
| Единици за финансиско разузнавање на други држави (ФИУ) | / | 16 |
| **ВКУПНО** | **44** | **159** |

На следниот приказ направена е споредба на бројот на извештаи и известувања кои Управата ги доставила до надлежните органи на нивно понатамошно постапување во текот на 2020, 2021 и 2022 година.




**График број 4 - Шематски приказ за доставени Извештаи за перење пари и финансирање на тероризам споредбено 2020, 2021 и 2022 година**

Согласно член 130 став 1 од Законот надлежните државни органи може да достават иницијатива до Управата доколку постојат причини за сомневања за перење пари, и/или финансирање на тероризам. По овој основ во текот на 2022 година, Управата постапи по 81 иницијативи од надлежните органи, а заради спречување на

перење пари и финансирање на тероризам. Во табелата бр.5 е прикажан бројот на доставени иницијативи до Управата за размена на податоци и информации од надлежните органи за целите на спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

**Табела бр. 5**

| Ред.бр. | Надлежен орган | Доставени иницијативи |
|---|---|---|
| 1 | Министерство за внатрешни работи | 34 |
| 2 | Јавно обвинителство | 28 |
| 3 | Управа за финансика полиција | 5 |
| 4 | Агенција за национална безбедност | 7 |
| 5 | Народна Банка | 1 |
| 6 | ДКСК | 2 |
| 7. | Царинска Управа | 3 |
| 8. | Агенција за разузнавање | 1 |
| **ВКУПНО:** | | **81** |

Согласно член 133 од Законот, при постоење на сомневање за сторено кривично дело перење пари и/или финансирање на тероризам Управата може да достави до надлежниот јавен обвинител барање за поднесување предлог за определување на привремени мерки. Во текот на 2022 година, Управата до надлежен јавен обвинител поднесе 4 барања за поднесување предлог за определување на привремени мерки, при што од страна на судот беа донесени решенија за примена на привремена мерка за привремено задржување на вкупно 771.674.848,00 денари и 705.306,00 евра .




**График број 5 - Шематски приказ на примена на привремени мерки во текот на 2022 година**

**II.2.3. Стратешки анализи**

Во текот на 2022 година, Управата изготви серија на Стратешки анализи кои произлегуваат од законските надлежности на Управата. За изготвување на стратешките анализи беа обезбедени податоци од повеќе релевантни институции од приватниот и државниот сектор (банки, даватели на услуги на брз трансфер на пари, Народна Банка, Царинска Управа, Министерство за економија, Централен регистар, базата на податоци на Управата и други). Со стратешките анализи беа утврдени одредени трендови, типологии и индикатори во одреден период, кои произлегоа од анализите. Во текот на 2022 година Управата ги изготви следните Стратешки анализи:

-Стратешка анализа за проценка на надворешните закани од перење пари,

-Стратешка анализа за финансирање на пролиферација,

-Стратешка анализа за трансакции преку давателите на услуги на брз трансфер на пари,

-Стратешка анализа на Извештаите кои согласно ЗСППФТ ги добива Управата и

-Стратешка анализа на правните лица опфатени во Извештаите за сомнителни трансакции доставени до Управата.

Сите стратешки анализи се објавени на рестриктивната веб страна на Управата и се достапни до субјектите и надлежните органи.

## III.НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА МЕРКИТЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

### III.1 Спроведен надзор над субјектите

Во текот на 2022 година, согласно годишната програма за вршење надзор, Управата изврши надзор над вкупно **47 субјекти и тоа: 44 редовни надзори и 3 вонредни надзори**, прикажани во табела бр.6

Табела бр. 6

| СУБЈЕКТ | Редовен надзор | Вонреден надзор |
|---|---|---|
| Банка | 0 | 1 |
| Штедилница | 1 | 0 |
| Субагент за брз трансфер на пари | 0 | 1 |
| Нотар | 4 | 0 |
| Адвокат и адвокатско друштво | 18 | 1 |
| Друштво за сметководство | 14 | 0 |
| Финансиско друштво | 4 | 0 |
| Друштво за лизинг | 1 | 0 |
| Приредувач на игри на среќа во казино | 2 | 0 |
| ВКУПНО | **44** | **3** |

### III.2. Резултати од надзорот – најчести идентификувани прекршоци

Од извршените надзори беа констатирани следните прекршоци:

- не спроведување на мерката засилена анализа на клиентот, во случај кога постои висок ризик од перење пари или финансирање на тероризам согласно чл.33 од Законот (Службен весник на РМ бр. 120/18 и Сл. весник на Р. Северна Македонија бр. 275/19 и 317/20);
- не доставување до Управата податоци, информации и документи согласно член 54 став (1) а во врска со член 55 од Законот (Службен весник на РМ бр. 120/18 и Сл. весник на Р. Северна Македонија бр. 275/19 и 317/20);
- не доставување одговор на барање од Управата согласно член 115 став (2) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (Службен весник на РМ бр. 120/18 и Сл. весник на Р. Северна Македонија бр. 275/19 и 317/20).

### III.3 Преглед на спроведени постапки за порамнување и поднесени барања за поведување на прекршочна постапка

#### III.3.1 Спроведени постапки за порамнување

Во 2022 година, Управата не спроведе постапки за порамнување.

### III.3.2 Поднесени барања за поведување на прекршочна постапка

Управата во 2022 година поднесе барања за покренување на прекршочна постапка пред надлежните судови против 1 адвокат и 1 субагент за брз трансфер на пари.

Имено, по извршен вонреден надзор над 1 адвокат и 1 субагент за брз трансфер на пари, констатирани се прекршоци според член чл. 164 ст.1 ал.7 (Сл. весник на РМ бр.120/18 и Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 275/19 и 317/20) чл. 161 ст.4 и ст.6 и чл. 160 ст.4 и ст.6 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (Службен весник на РМ бр. 120/18 и Сл. весник на Р. Северна Македонија бр. 275/19 и 317/20), односно не спроведување на мерката засилена анализа на клиентот, во случај кога постои висок ризик од перење пари или финансирање на тероризам согласно чл.33 од Законот (Службен весник на РМ бр. 120/18 и Сл. весник на Р. Северна Македонија бр. 275/19 и 317/20); не доставување до Управата податоци, информации и документи согласно член 54 став (1) а во врска со член 55 од Законот (Службен весник на РМ бр. 120/18 и Сл. весник на Р. Северна Македонија бр. 275/19 и 317/20) и не доставување одговор на барање од Управата согласно член 115 став (2) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (Службен весник на РМ бр. 120/18 и Сл. весник на Р. Северна Македонија бр. 275/19 и 317/20).

На сторителите на прекршоците, Управата им предложи постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог и да ги платат глобите во рок од осум дена од денот на приемот на прекшочните платни налози. Бидејќи сторителите на прекршоците не ги платија глобите наведени во прекшочните платни налози, Управата во законски утврден рок, поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд а согласно член 171 од Законот. Постапката е во тек.

### III. 3.3 Статус на прекршочни постапки кои се водат пред надлежни судови врз основа на поднесено барање за поведување на прекршочна постапка од страна на Управата

Во текот на 2022 година, Управата поднесе **две (2)** барања за поведување на прекршочна постапка за еден субагент за брз трансфер на пари и еден адвокат врз основа на извршен надзор и констатирани прекршоци од страна на финансиските разузнавачи за непреземање на должни дејствија за спроведување на мерката засилена анализа на клиентот, во случај кога постои висок ризик од перење пари или финансирање на тероризам согласно чл.33 од Законот и доставување до Управата податоци, информации и документи согласно член 54 став (1) а во врска со член 55 од Законот, односно недоставување одговор на барање од Управата согласно член 115 став (2) од Законот.

Дополнително, во текот на 2022 година, Управата продолжи да ги презема сите правни дејствија поврзани со прекршочните постапки кои се водат пред надлежните судови по претходно поднесени барања за поведување на прекршочна постапка од претходните години, а во врска со констатирани прекршоци во постапка за вршење на надзор кои се однесуваат на пропуштање на должни дејствија и сторени прекршоци од страна на субјектите.

Пред надлежните судови се водеа **тринаесет (13)** прекршочни постапки врз основа на барање за поведување на прекршочна постапка поднесени од страна на Управата. **Пет (5)** прекршочни постапки во текот на 2022 година завршија со пресуди на второстепените судови и истите се правосилни.

**Седум (7)** прекршочни постапки во текот на 2022 година продолжија во постапка пред првостепените судови или се вратени на повторно одлучување кај првостепените судови по одлука на повисок надлежен суд.

Во **една (1)** прекршочна постапка за правосилно осудено брокерско друштво и одговорно лице во брокерското друштво во текот на 2022 година беше поведено барање за заштита на законитоста и барање за повторување на постапка пред надлежен суд при што предметот беше вратен на повторно одлучување кај Апелациониот суд којшто во текот на 2022 година врз основа на напатствијата на повисокиот суд донесе повторно правосилна пресуда за брокерското друштво и одговорното лице во брокерското друштво.

Прекршочните постапки поведени по барањата за поведување на прекршочни постапки пред надлежен суд од страна на Управата се однесуваат за следните видови на сторени прекршоци согласно Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам врз основа на непреземени должни дејствија за :

- идентификување и потврдување на идентитетот на вистинскиот сопственик согласно со членот 18 од Законот;
- спроведување на засилена анализа кон сложени и невообичаени трансакции согласно со членот 38 од Законот;
- одбивање на воспоставување на деловен однос или извршување на трансакција или непрекинување на деловниот однос со клиентот согласно со членот 39 ставови (1) и (2) од Законот;
- доставување на извештај согласно член 53 од Законот;
- доставување на извештај за сомнителна трансакција согласно член 54 в.в со член 55 од Законот;
- спроведување на мерката засилена анализа на клиентот, во случај кога постои висок ризик од перење пари или финансирање на тероризам согласно чл.33 од Законот;
- доставување до Управата податоци, информации и документи согласно член 54 став (1) а во врска со член 55 од Законот и
- доставување одговор на барање од Управата согласно член 115 став (2) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

## IV. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во рамки на законски утврдените надлежности, Управата соработува со овластените тела на други држави и со меѓународните организации кои се занимаваат со борба против перење пари и финансирање на тероризам и учествува во исполнувањето на обврските кои произлегуваат од членството на Република Северна Македонија во меѓународните организации (Moneyval Комитетот при Советот на Европа и EGMONT).

### IV.1 Размена на податоци со овластени тела на други држави

Управата во рамките на меѓународната соработка може да бара и доставува податоци по сопствена иницијатива или по барање на друга држава по принципот на реципроцитет.

Размената на податоци и информации, односно приемот и доставувањето на податоци до членките на EGMONT се врши електронски на обезбеден начин преку Egmont Secure Web Site (ESW).

### IV.1.1 Примени барања за размена на податоци и информации од ФИУ на други држави

Во периодот предмет на овој извештај, Управата има примено 19[3] барања од Единиците за финансико разузнавање - ФИУ на други држави.

Табела бр. 8- Приказ на примени барања во 2016, 2017, 2018, 2019, 2020, 2021 и 2022

| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на примени барања | 38 | 40 | 41 | 36 | 34 | 53 | 19 |

Управата со барањата од ФИУ на други држави постапува согласно член 130, односно член 144 од Законот и Процедурата за квалитет - Постапување со барања на податоци и информации на Единици за финансиско разузнавање на други држави и меѓународни организации.

Табела бр. 9- Приказ на барања по месеци

| | **I Квартал** | | | **II Квартал** | | | **III Квартал** | | | **IV Квартал** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Јан | Фев | Март | Апр | Мај | Јуни | Јули | Авг | Сеп | Окт | Ное | Дек |
| Вкуп/мес | 1 | 2 | 3 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 4 | / | 1 | / |
| Вкуп/кв | 6 | | | 5 | | | 7 | | | 1 | | |

Управата разменува податоци и информации со ФИУ на други држави без оглед на начинот и типот на нивно организирање.

Табела бр.10- Приказ на државите кои доставиле барање

[3]Од овие барања 2 барања се однесуваат за финансирање на тероризам. Од овие барања 2 барања содржат барање за обездување на податоци за вистински сопственик.

| | Држава | Број на доставени барања по држава |
|---|---|---|
| 1 | Србија, Босна и Херцеговина, Бугарија (од секоја држава по) | 2 |
| 2 | Лихтенштајн, Казахстан, Сирија, Украина, Албанија, Холандија, Црна Гора, Унгарија, Турција, Обединети Арапски Емирати, Грција, Косово, Русија (од секоја држава по) | 1 |
| Вкупно | 16 држави | 19 |

Со аланиза на барањата кои ги добила Управата, другите држави барале податоци за тоа дали лицата кои се наведени во барањето се јавуваат во базите на податоци на Управата, дали се сопственици на недвижен имот, дали имаат учество во сопственичката или управувачката структура на правни лица, дали имаат банкарски сметки, детали поврзани со сметките, податоци од базите на податоци на другите органи. Исто така, предмет на интерес на другите држави е дали определено лице се јавува во Регистарот на вистински сопственици, за што во табелата која следи даден е приказ на бројот на барања во кои се побарани меѓу другото и податоци за вистинскиот сопственик.

Табела бр.11- Приказ на  барања по години за вистински сопственик

| **По години** | **Примени барања за вистинскиот сопственик** |
|---|---|
| **2017** | 3 |
| **2018** | 6 |
| **2019** | 8 |
| **2020** | 10 |
| **2021** | 14 |
| **2022** | 2 |

Одговорот кој се обезбедува на државата барател ги содржи сите податоци и информации кои Управата во рамките на своите надлежности може да ги обезбеди при вршењето на анализа на STR добиени од задолжените субјекти. Управата обезбедува податоци, подготува и доставува одговор на доставеното барање (најчесто) во рок од еден месец. Управата нема одбиено барање за доставување на податоци.

Табела бр. 12- Приказ на времето потребно за одговарање на примените барања

| Период за одговор | 1-5 дена | 5 дена до 1 месец | 1-2 месеци | Повеќе од 2 месеци |
|---|---|---|---|---|
| Бр. одговори | 3 | 9 | 7 | / |

Согласно своите законски надлежности определени во член 130, односно член 142 од Законот, Управата има добиено 19[4] спонтани информации, односно податоци и информации за перење пари и финансирање на тероризам добиени од Единиците за финансиско разузнавање на други држави.

Табела бр. 13- Приказ на примени спонтани информации по години

| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на примени спонтани информации | 23 | 18 | 18 | 32 | 32 | 38 | 19 |

### IV.1.2 Доставени барања за размена на податоци и информации од Управата

Во периодот, предмет на овој извештај, Управата има доставено 46[5] барања до ФИУ на други држави.

Табела бр. 14- Приказ на барања по години

| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на доставени барања | 53 | 52 | 78 | 74 | 79 | 50 | 46 |

Управата кога доставува барања од ФИУ на други држави постапува согласно член 128, односно член 143 од законот и Процедурата за квалитет - Доставување барање за податоци и информации на ФИУ на други држави и меѓународни организации.

Табела бр.15- Приказ на барања по месеци

| | I Квартал | | | II Квартал | | | III Квартал | | | IV Квартал | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Јан | Фев | Март | Апр | Мај | Јуни | Јули | Авг | Сеп | Окт | Ное | Дек |
| Вкуп/мес | 7 | 1 | 3 | 4 | 3 | 5 | 3 | / | 4 | 2 | 8 | 6 |
| Вкуп/кв | 11 | | | 12 | | | 7 | | | 16 | | |

[4] Од овие барања 3 барања се однесуваат за финансирање на тероризам.

[5] Од овие барања 15 барања содржат барање за обездување на податоци за вистински сопственик.

Управата од ФИУ на другите држави бара податоци за тоа дали, лицата кои се наведени во барањето се јавуваат во базите на податоци на ФИУ-то, се јавуваат во казнената евиденција, се сопственици на недвижен имот, дали имаат учество во сопственичката или управувачката структура на правни лица или се јавуваат како вистински сопственици, дали имаат банкарски сметки, детали поврзани со сметки или определени трансакции, податоци од базите на податоци на другите органи. Исто така, предмет на интерес на Управата од ФИУ на другите држави е дали определено лице се јавува во Регистарот на вистински сопственици, за што во табелата која следи даден е приказ на бројот на доставени барања во кои меѓу другите податоци се бараат и податоци за вистинскиот сопственик.

Табела бр.16- Приказ на доставените барања по години за вистински сопственик

| По години | Доставени барања за вистинскиот сопственик |
|---|---|
| **2017** | 15 |
| **2018** | 33 |
| **2019** | 27 |
| **2020** | 25 |
| **2021** | 12 |
| **2022** | 15 |

Согласно своите законски надлежности Управата може да бара податоци од ФИУ без оглед на нивниот тип и вид. Управата врз основа на податоците со кои располага сите барања кои ги доставува ги образложува, поради што ниту едно барање не е одбиено од страна на ФИУ на друга држава.

Табела бр.17- Приказ на државите до кои Управата доставила барање

| | Држава | Број на доставени барања по држави |
|---|---|---|
| 1 | Швајцарија | 7 |
| 2 | Косово | 5 |
| 3 | Албанија | 4 |
| 4 | Турција, Италија, Германија (до секоја држава по) | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Хрватска, Словенија, Србија, Бугарија, Англија (до секоја држава по) | 2 |
| 6 | Мексико, Панама, Шпанија, Малта, Романија, Кипар, САД, Белорусија, Португалија, Унгарија, Црна Гора (до секоја држава по) | 1 |
| Вкупно | 22 држави | 46 |

Согласно своите законски надлежности определени во член 128, односно член 145 од Законот, Управата достави 16 спонтани информации, односно податоци и информации за перење пари и финансирање на тероризам до ФИУ на други држави.

Табела бр. 18- Приказ на доставени спонтани информации по години

| | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на доставени спонтани информации | 19 | 30 | 42 | 37 | 49 | 43 | 16 |

## IV.2. Учество во работата на меѓународни тела и организации

### IV.2.1 Учество во работата на Moneyval Комитетот, Совет на Европа

Во текот на 2022 година, претставници од Управата (и др.надлежни институции) кои се дел од делегацијата на РСМ во Moneyval Комитетот при Советот на Европа, учествуваа на 63-от Пленарен состанок (16-20 мај 2022 год.) и на 64-от Пленарен состанок (05-09 декември 2022 год.).

Република Северна Македонија како членка на MONEYVAL Комитетот при Советот на Европа во текот на 2022 ги спроведе сите чекори од процесот на 5-от круг на евалуација на системот за СППФТ, односно:

-дадени се одговори на прашалниците за евалуација (прашалникот за техничка усогласеност, прашалникот за ефикасност и прашалникот за ризикот),

-дадени се коментари на нацрт извештаите за техничка усогласенот,

-спроведени се повеќе од 100 состаноци на претставниците од надлежните органи и приватниот сектор со тимот на евалуатори на Moneyval Комитетот за време на он-сајт посетата во нашата држава во периодот 21.09-06.10.2022 година,

-одржани повеќе онлајн состаноци со Moneyval Комитетот.

Во целиот процес Управата е институција која ги координираше сите активности.

### IV.2.2 Учество на Пленарниот состанок на ЕГМОНТ Групата

Претставници од Управата учествуваа и на неколку работни состаноци кои ги организираше Егмонт Групата, како и на обуки кои во 2022 година беа реализирани преку онлајн средби.

## V. СОРАБОТКА СО СУБЈЕКТИТЕ, ОРГАНИТЕ ЗА НАДЗОР, ДРУГИ ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ТЕЛА

### V.1 Соработка со субјектите

Управата континуирано помага во професионалното усовршување на овластените лица и вработените во одделите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во субјектите од членот 5 од Законот, преку учество и организирање на обуки, реализација на работни средби, издавање и објавување на упатства, одговарање на прашања на субјектите поврзани со имплементација на Законот и исполнување на нивните законски обврски и др.

Субјектите согласно одредбите од Законот во своите Програми за ефикасно намалување и управување ос идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам задолжително изготвуваат План за обука на вработените во субјектот од областа на спречување на перење пари и финансирање на тероризам која обезбедува реализација на најмалку две обуки во текот на годината. Овие обврски придонесуваат за зголемување на знаењето и капацитетот на субјектите за откривање на сомнителни активности за перење пари или финансирање на тероризам и навремено доставување извештаи до Управата за ваквите активности, со што се зајакнува целокупниот систем за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

### V.2 Соработка со органите за надзор

Управата има континуирана соработка со сите надзорни органи, и тоа: Народна банка на Република Северна Македонија, Комисија за хартии од вредност, Управа за јавни приходи, Агенција за супервизија на осигурувањето, Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Агенција за пошти и комисиите за надзор при Адвокатската комора и Нотарската комора на Република Северна Македонија, со кои беа разменети информации за годишните планови за вршење надзор за 2022 год. со цел усогласување на меѓусебните активности, координација на надзорот од областа на спречување на перење пари и финансирање на тероризам што го вршат надзорните органи и интензивирање на соработката помеѓу надзорните органи со зајакнување на меѓу институционалната соработка преку имплементирање на потпишаните меморандуми за соработка и размена на податоци.

Взаемното известување за наодите од извршените надзори како и за поднесените барања за покренување на прекршочна постапка, за поведените постапки за порамнување, спроведената едукација и за исходот од тие постапки, се применува и се почитува од надзорните органи. Управата, исто така ги известува надзорните

органи и комисиите за надзор за наодите од извршените надзори, за поднесените барања за покренување на прекршочна постапка, за поведените постапки за порамнување, спроведената едукација и за исходот од тие постапки.

### V.3 Соработка со други државни органи и тела

Во текот на 2022 година Управата ја продолжи својата соработка со државните органи и тела инволвирани во системот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, и тоа со Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Јавното обвинителство и други надлежни државни органи.

Управата учествуваше во работата на Работните Групи за НПАА 3.04-Слободно движење на капитал, 3.24 - Правда, слобода и безбедност и 3.31 - Заедничка надворешна безбедност и политика во процесот на евроинтеграциите.

Управата во текот на 2022 година учествуваше во работата на работната група формирана со цел подготвување на Закон за канцеларија за поврат на имот (АРО Канцеларија), како и во подготовка на Законот за потекло на имот, Законот за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции. Воедно, Управата активно придонесуваше и во работата на Националниот Комитет за борба против тероризам и насилен екстремизам.

Управата ја продолжи својата  соработка со Централен регистар во насока на развивање на SORIS апликацијата. Оваа апликација го утврдува ризикот на правните субјекти кој произлегува од сопственичката структура на правните субјекти. Како дел од функционалноста на системот СОРИС, е водење на листа на нивоа на ризик за секое правно лице, според различни критериуми (учество на носител на јавна функција, учество на високо ризична држава, честа промена на сопственичката структура и инволвираност во повеќе лица ) секој субјект се рангира  во ниско ниво на ризик, средно ниво на ризик и високо ниво на ризик. Оваа апликација овозможува диструбуција на информација за потребните чекори кои треба да ги преземат субјектите од ЗСППФТ.

Управата ги исполнува активностите кои се утврдени во Националната стратегија за јакнење на капацитетите за водење на финансиски истраги и конфискација, како и активно учествува во работата на Комисијата за следење на имплементацијата на Националната стратегија за јакнење на капацитетите за водење на финансиски истраги и конфискација.

### V.4 Активности на Советот за борба против перење пари и финансирање на тероризам

Советот за борба против перење пари и финансирање на тероризам и во текот на 2022 година одржуваше работни состаноци и ја следеше имплементацијата на Националната стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам со акционен план (2021-2024). Основната цел на оваа стратегија предвидено е да биде постигната преку реализација на 15 посебни цели за кои се дефинирани посебни мерки и активности дефинирани со Акциониот план кој е составен дел на оваа Стратегија.

За целите на утврдување на степенот на реализација на мерките од акциониот план, Управата како орган кој раководи со работата на Советот, полугодишно го доставува акциониот план на ажурирање на институциите кои се задолжени за негова имплемнтација. Врз основа на обезбедените информации, до сега имплементацијата на мерките утврдени со акциониот план се одвива според планираната динамика, односно завршени се 22 активности, 34 активности континуирано се спроведуваат и 15 активности треба да се реализираат во текот на 2023 година .

## V.5 Проценка на ризик од перење пари и финансирање на тероризам поврзан со правни лица коишто се основаат во РСМ и нерезидентни правни лица поврзани со државата

Во рамки на „Horizontal Facility in North Macedonia“ – Проектот за борба против економски криминал финансиран од страна на Советот на Европа и преку ангажирање и вклучување на домашен и странски експерт во периодот февруари-март 2022 година започна процес на изготвување на национална “Проценка на ризик од перење пари и финансирање на тероризам за правните лица и коишто се основаат во државата и странски правни лица коишто имаат поврзаност со државата“. Целта на оваа проценка е да се идентификуваат заканите од ПП/ФТ коишто произлегуваат од различните форми на правни лица како и сите аспекти кои овозможуваат материјализација на ваквите закани и ги прават правните лица ранливи за целите на перење пари и финансирање на тероризам. Дополнително, целта на оваа проценка е да се процени индивидуалниот ризик од ПП/ФТ за секоја форма на правни лица коишто се основаат во РСМ, како и правните лица коишто имаат некаква поврзаност со државата вклучително и трустовите и сличните правни аранжмани коишто се основаат во странство.

Во рамки на проектот од страна на експертите беше изработен патоказ кој имаше за цел да им помогне на надлежните институции во прибирањето и обработка на податоците, анализата и донесувањето на заклучоците од идентификуваниот ризик, а со цел изготвување на извештај од проценка на ризик кој треба да ги исполни барањата на ФАТФ. Врз основа на идентификуваните ризици на националниот систем, потребно е да се дадат препораки за соодветно надминување и намалување на истите.

Работната група беше сочинета од преставници на Управата за финансиско разузнавање, Народната банка, Комисијата за хартии од вредност, Управата за јавни приходи, Управата за финансиска полиција, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Агенцијата за катастар на недвижности, Централниот регистар и Централниот депозитар за хартии од вредност. Од страна на приватниот сектор, во изготвувањето на проценката на ризик и анализата вклучени беа и претставниците на банкарскиот сектор преку Македонската Банкарска Асоцијација (МБА).

Во текот на  2022 година, а по одржување на повеќедневна работилница од страна на работната група изготвен е нацрт-документ којшто ги идентификуваше заканите од ПП/ФТ поврзани со правните лица, како и ранливоста на националниот систем за целите на ПП/ФТ во врска со истите. Активноста се очекува да продолжи и во текот на 2023 година и комплетно завршување на процесот, со што проценката на ризикот е потребно да биде усвоена од Советот за борба против перење пари и финансирање на тероризам и Владата на РСМ.

## V.6 Регионална Проценка на ризик од перење пари и финансирање на тероризам поврзан со правни лица и правни аранжмани

Во текот на месец декември 2022 година, во рамки на проектот на giz Deutsche Gesellschaft für Global Program „Combatting Illicit Financial Flows“ беше завршен внатрешниот процес за ангажирање експерт за спроведување на Регионална проценка на ризик на правни лица и аранжмани за земјите од Балканот којшто вклучува шест (6) земји и беше одржан почетен состанок со претставниците на релевантните институции од регионот. На состанокот беа презентирани основните цели коишто треба да се постигнат со оваа активност како и методологијата на работа и временската рамка за обезбедување и анализа на податоците за целите на изготвување на регионалната проценка на ризикот. Дополнително од секоја држава беа назначени национални координатори за комуникација со ангажираниот експерт како и лицата вклучени во процесот.

Целта на оваа проценка е да се идентификуваат заканите и ранливоста на националите системи на државите коишто се вклучени во процесот во смисла на законските рамки, ризиците на различните видови правни лица за целите на ПП/ФТ, прекуграничната врска помеѓу државите, да се развијат типологии кои произлегуваат од наодите и да се дадат препораки за подобрувања на идентификуваните состојби на регионално ниво. Согласно динамиката на реализација на проектот и активноста, истата е планирано да се заврши до ноември 2023 година. Регионалната проценка на ризик од ПП/ФТ поврзана со правните лица и правните аранжмани претставува продолжение на веќе започнатиот процес на национално ниво.

## VI. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА УПРАВАТА ЗА ФИНАНСИСКО РАЗУЗНАВАЊЕ

### VI.1 Кадровски капацитети

Управата континуирано посветуваше внимание на професионалниот развој и унапредување на своите човечки ресурси, преку учество на вработените во Управата на стручни обуки, работилници и конференции кои се организирани во текот на 2022 година.

### VI.2 Проект за борба против економски криминал и други проекти

Во текот на 2022 година, континуирано се спроведуваа активностите на „Проектот за борба против економски криминал-II Фаза“[6]. Согласно утврдениот работен план, предвидена е реализација на активности за усогласување на легислативата со новите меѓународни стандарди, за зајакнување на аналитичките капацитети, унапредување на супервизорските капацитети, како и капацитетите за имплементација на рестриктивните мерки против финансирање на тероризам и пролиферација на оружје за масовно уништување.

### VI.3 Технички капацитети

---

[6] Проектот со времетраење од 36 месеци е финансиран од страна на ЕУ и Советот на Европа и имплементиран од страна на Советот на Европа.

Управата во текот на изминатата година, континуирано се грижеше за правилно управување, одржување и надградување на комплетниот информатички систем со кој располага.

Управата во 2022 година презеде низа активности за развој, надградување и непречено функционирање на постоечките функционалности на нејзиниот информатички систем, и тоа:

1) континуирано ја надградуваше својата интернет страна како и Рестриктивната веб платформа, која претставува алатка со повеќе сегменти (консолидирана листа, типологии и индикатори за субјекти, документи и ризични држави) со која Управата и субјектите ги зголемуваат капацитетите и ефикасноста при анализа на сомнителни трансакциии а воедно се олеснува и забрзува комуникацијата и соработката помеѓу субјектите со Управата. Субјектите добиваат алатка со која им се олеснува примената на меѓународните рестриктивни мерки согласно Законот за меѓународни рестриктивни мерки на едноставен начин со пристап до рестриктривната веб платформа на Управата односно до сегментот Консолидирана листа;

2) континуирано ја надградуваше Апликацијата за определеување на степенот на ризик на вистински сопственици (СОРИС) која ќе ја користат аналитичарите од Управата и субјектите при вршење на анализа на сомнителни трансакции;

3) ја надгради и модернизира електронската архива односно го надгради постојното решение со актуелни верзии со дополнителни функционалности. Со оваа надградба и модернизација на електронската архива Управата ќе добие софистицирано управување со информациите и документите, конверзија од хартиена во дигитална форма, можност за идно проширување со дигитално потпишување, електронско следење на работните процеси, меѓуинституционална електронска комуникација и интеграција со други системи. Дополнителните функционалности кои се добиваат се отворен интерфејс за комуникација со други системи и можност за оптимална скалабилност со што ќе се надминат ограничувањата на постојниот систем, ќе се овозможи долгорочна одржливост, како и поголема економичност;

4) ја реконфигурираше мрежната инсфраструктура со што е унапредена фунционалноста на мрежната инфраструктура во Управата.

5) Управата за финансико разузнавање во 2022 година воспостави тест верзија на софтверска апликација на воспоставување на систем за вонтеренска супервизија, односно систем за изготвување на различни видови на анкети и прашалници кои преку апликацијата ќе се дистрибуираат електронски до субјектите од член 5 од ЗСППФТ. Врз основа на добиените податоци од спроведените анкети и прашалници, Управата ќе изготвува различни видови на стратешки документи и стратешки анализи.

Во изминатата година ИТ одделението даваше континуирана поддршка на вработените во Управата за употреба на алатките кои се користат во работењето со цел зголемување на нивните аналитички капацитети и ефикасност.

На веб страната на Управата во изминатата година редовно беа објавувани најзначајните информации, подзаконски акти, Консолидираната листа, упатства и информации од јавен карактер за транспарентност и отчетност за трошењата на носителите на јавни функции и други актуелни вести од областа за спречување перење пари и финанситање на тероризам.

© Управа за финансиско разузнавање, 2023 година

Телефон: +389 2 3297 540
Адреса : Плоштад Пресвета Богородица бр.3, 6ти кат
E-mail: contact@ufr.gov.mk
Веб-страна: www.ufr.gov.mk